СЕДАМ ВО ЕДЕН ЦЕНТРИТЕ НА ПАРИЗ

1.

Седам во еден од центрите на Париз,
во едно мирно бистро спроти Операта.
Седам прикован за масата со филџан кафе пред мене
и не забележувам колку долго седам неподвижен
и како полека се спушта срамежливата париска вечер.
околу мене џагорат млади Негарки и Виетнамки,
млади Кинескињи и Јапонки и уште кој знае кој млад свет
од Црна Африка и од Далечниот Исток!
Странец сум, а не сум странец меѓу тие млади луѓе од светот,
иако не разбирам ништо, јасен е и разбирлив нивниот џагор.
Мислата ми одлетува во мојата Црна Африка
сред моите сињарки со очи симболички на црна арматура
пред чија убавина се топам во црна јагленосана згура.
Од мислите ме сепнува благата октомвриска вечер
и ме понесува вителот на Париз што пред мене кркори
и со илјади светлини и бои ме заплискува и тече.

Париз тече под сите мостови на Сена,
тече под сите мостиви на светот.
И во тој тек го слушам како црвена поплава и буна
нестивнатиот глас на Париската комуна.
Тој глас го заплисна Сибир о од Бајкалското езеро
се прошири преку дунавската низија,
преку земјите на изгревот на Сонцето
до Ниоколо-Коба и реката Гамбија
и уште подалеку на југ и уште подалеку на запад,
тој глас се шири како своевидна светлосна визија.

Тој глас на црвената Париска комуна
допре и до мојот град, допре до мојата татковина
и се разискри со народниот гнев, како негова верна слика
во првата балканска народна република.

2.

Седам во еден од центрите на Париз,
во едно мирно бистро спроти Операта.
Околу мене џагорат млади Негарки и Виетнамки,
млади Кинескињи и Јапонки, и кој знае сеуште кој млад свет
од целиот свет натрупан како еден разнобоен цвет.

А Париз пред мене тече ли тече. Тече под сите мостови на Сена
и тече под сите мостови на светот.
А тојек го слушам ко ѕвонлив глас на поплава и буна
на штотуку неостварената светска комуна.

Додека илјади светлини и бои ме нив заплискуваат и ѕујат.

Скопје, октомври 1977 год.